Министерство за финансии

**Неделен економски преглед**

3 септември – 7 септември 2018 година

- Бруто домашниот производ во второто тримесечје од 2018 година забележа раст од 3,1% на годишна основа, што е  највисоката стапка на раст во последните шест тримесечја. Гледано од производна страна, растот на БДП се должи на зголемената активност во услужниот сектор (раст од 3,6%), индустријата (раст од 4,4%) и земјоделството (0,3%). Гледано од расходна страна, високиот раст на извозот од 13,7% во услови на умерен раст на увозот од 4,0% имаше најголем придонес во растот на економската активност.
- Стапката на невработеност во второто тримесечје од 2018 година се намали на 21,1% што е најниско ниво откако се спроведува Анкетата на работна сила. Бројот на невработени е намален за 6,2%, односно за 13.409 лица споредено со истиот квартал од 2017 година.
- Стапката на вработеност во вториот квартал на 2018 година достигна 44,9% што е историски највисоко ниво. Бројот на вработени е повисок за 15.181 лица, односно за 2,1% споредено со вториот квартал на 2017 година.
- Странските директни инвестиции во Македонија во вториот квартал од 2018 година изнесуваат 90,6 милиони евра, со што во првата половина на годината вкупно изнесуваат 327,6 милиони евра и во однос на истиот период од 2017 година се 3 пати повисоки.
- Стапката на инфлација во август 2018 година и кумулативно во периодот јануари – август 2018 година изнесува 1,5%.
- Извозот на стоки во јули 2018 година регистрираше раст од 15,6% во однос на истиот месец минатата година, додека кумулативно во периодот јануари – јули 2018 година раст од 14,5% во споредба со истиот период од 2017 година.
- Увозот на стоки во јули 2018 година регистрираше раст од 16,4% во однос на истиот месец минатата година, додека кумулативно во периодот јануари – јули 2018 година раст од 11,9% во споредба со истиот период од 2017 година.
- Трговскиот дефицит во јули 2018 година има раст од 18,8% во однос на истиот месец минатата година, додека кумулативно во периодот јануари – јули 2018 година раст од 4,5% во споредба со истиот период од 2017 година.
- БДП во ЕУ во вториот квартал на 2018 забележа раст од 2,1% во споредба со истиот квартал од 2017 година. Ист раст имаше и БДП во еврозоната.